Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-37/2
28.01 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 и 112 став 1 алинеа 16 од Законот за високо образование (Сл.весник на РМ бр.82/2018), и согласно со член 37, 38 и 116 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст Скопје), Наставничкиот Совет на својата 40-та седница одржана на 28.01.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за формирање на Комисија за самоевалуација на**

**Бреинстер Некст Скопје**

1. Се формира Комисија за самоевалуација на Бреинстер Некст Скопје во следниот состав:
   - М-р Ема Кастратовиќ, предавач и академски координатор
   - М-р Анја Марија Макеска, предавач и директор
   - М-р Ивица Пешовски, предавач
   - Ангела Апостоловска, студент
2. Се определува лицето Александар Клашниновски, генерален менаџер на Бреинстер Некст Скопје, како координатор на процесот на самоевалуација и составување на извештајот од самоевалуација.
3. Се определува лицето Теодора Трендафиловиќ, административен службеник на Бреинстер Некст Скопје, како заменик координатор на процесот на самоевалуација и составување на извештајот од самоевалуација.
4. Мандатот на членовите на комисијата за самоевалуација од редот на наставниците е за време од четири години, а мандатот на претставникот на студентите за време од една година.
5. Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу три години.
6. Се задолжува Комисијата за самоевалуација да го спроведе процесот на самоевалуација согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Сл. весник на РСМ бр.153/22) и Упатството за самоевалуација на Бреинстер Некст Скопје и да подготви Извештај за самоевалуација.
7. Извештајот за самоевалуација го доставува до директорот, наставничкиот совет и до одборот на директори за усвојување, а резултатите од извештајот да се објават на веб страната на Бреинстер Некст.
8. Надлежностите на комисијата се уредени со Законот за високо образование и Статутот на Бреинстер Некст Скопје.
9. Одлуката да се достави до членовите на комисијата, директорот, генералниот менаџер и до архивата на Бреинстер Некст Скопје.
10. Одлуката стапува во сила со денот на нејзино донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 55 од Законот за високото образование (Сл.весник бр.82/2018) и член 116 од Статутот на Бреинстер Некст Скопје, Наставничкиот совет по спроведеното тајно гласање за избор на членови во Комисија за самоевалуација, на својата 40 та седница одржана на 28.01.2025 година одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Наставнички Совет на**

**Бреинстер Некст Скопје**

**Директор**

**М-р Анја Марија Макеска**